Врз основа на член 14, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка , (Службен гласник на Општина Крива Палнка бр.8/2010, 8/2014 02/2018, 03/2019, 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 03.12.2021. 2021 година донесе

# ПРОГРАМА

За активностите на Општина Крива Паланка во
областа на спорт за 2022 година

## ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади во 2022 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, жените и мажите, девојчињата и момчињата, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

-Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Република Северна Македонија и надвор од неа.

## АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите ќе се насочуваат кон :

-Изнаоѓање и имплементација на законски решенија кои имплицитно ќе влијаат врз дејноста спорт и физичка култура,
-Сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации,
-Поттикнување и поддршка на програмите на спортските клубови,
-Унапредување на училишниот спорт преку мотивиран стручен кадар,
-Обезбедување на расположливост на објектите за спорт во училиштата,
-Создавање на услови за развој на масовниот спорт,
-Подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати,
- Рекреативно спортување кај повозрасните жени и мажи,
- Женски крос против семејно и родово базирано насилство,
-Покренување на иницијатива за формирање на општински футсал клуб за натпреварување во национални лиги,

Една од поважните активности во наредниот период ќе биде покренување на иницијатива и имплементација на активности за поддршка на локални спортски клубови преку институциска поддршка и формирање на Фонд за спорт кој ќе се финансира со средства од локалните и други бизнис субјекти од нивната општествена одговорност и издвојување на средства од општинскиот буџет на Крива Паланка преку т.н. метод „денар за спорт“. Овие средства ќе бидат директно вбризгувани до постоечките спортски клубови со посебен Правилник и акт за категоризација, со цел помагање и нивно понатамошно унапредување и развој.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2022 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр. | СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ | Рок | Носител | Агенција за спорт и млади | Сопствени приходи | Општина Кр.Паланка | Др.извори донации | Вкупно |
| 1. | Стипендии за талентирани спортисти и спортистки | 2022 година | Општина Крива Паланка | | | 531.000,00 | | 531.000,00 |
| 2. | Првомајски крос натпревар | 1.мај | Општина Крива Паланка и сите училишта | | | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Турнир во Пинг-Понг | По утврден календар | Понпонгарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 4. | Турнир во Кошарка | По утврден календар | Кошаркарски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 5. | Турнир во тенис | По утврден календар | Тениски клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| | Турнир во мал фудбал | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 6. | Турнир во мал фудбал | Мај-Јуни | Здружение на членови на фамилиите на загинати припадници на вооружени сили - Херои на Македонија 2001-2015 | | | 60.000,00 | | 60.000,00 |
| 7. | Турнир во карате | По утврден календар | Карате клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 8. | Подршка за формирање на футсал клуб | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 9. | Турнир во ракомет | По утврден календар | Ракометен клуб | | | 40.000,00 | | 40.000,00 |
| 10. | Подршка на училишен спорт – училишни спортски клубови (ќе се води сметка за еднаква родова застапеност при давањето на поддршка – врамнотеженост помеѓу женски и машки спортски клубови) | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 50.000,00 | | 50. 000,00 |
| 11. | Набавка на спортска опрема и реквизити (еднаква родова застапеност при давањето поддршка ). | По утврден календар | Општина Крива Паланка | | | 25.000,00 | | 25 000,00 |
| 12. | Рекреативно спортување кај повозраните жени и мажи- трка во брзо одење на пензионерки и пензионери | Јануари – Декември 2022 | Здружение на пензионери и пензионерки | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 13 | Женски крос /подигање на свеста против семејно и родово базирано насилство | Јануари – Декември 2022 | НВО сектор | | | 20.000,00 | | 20.000,00 |
| 14. | Отворени летни рекреативни школи за најмладите | Јуни- Септември | Општина Крива Паланка Отворени забавни фудбалски школи | | | 120.000,00 | | 120.000,00 |
| | СЕ ВКУПНО денари | | | | | 1.006.000 | | 1.206.000 |

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка спортските манифестации ќе ги помага и со:

-доделување награди и признанија;

-обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2022 година

Бр.09-3711/53 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

03.12.2021 година Председател

Крива Паланка Изабела Павловска